**20262013220**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на членот 62 став (3) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 87/23, 148/25, 160/25, 258/25, 58/26 и 145/26) министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛАТА, ПОТРЕБНАТА ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на овластување за вршење работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката.

Член 2

(1) Барањето за добивање на овластување за вршење работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се поднесува во писмена или електронска форма.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја или во електронска форма, заедно со потребната пропратна документација.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Потребната пропратна документација која се доставува во прилог на барањето од член 2 од овој правилник е следната:

1. Решение за овластување за вршење на технички преглед на возила издадено од Министерството за внатрешни работи, во оригинал или заверено на нотар;
2. Потврда за тековна состојба на субјектот од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
3. Доказ за вработен стручен кадар издаден од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица, согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице;
4. Доказ за стручна подготовка на вработениот кадар, согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице, во оригинал или заверени на нотар;
5. Потврда за положен испит за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за вработениот стручен кадар, во оригинал или заверена на нотар;
6. Доказ за сопственост на деловен простор или договор за закуп на деловен простор, согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице со важност од најмалку пет години, во оригинал или заверен на нотар;

7. Доказ за техничка опременост или договор за користење на техничка опрема согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице со важност од најмалку пет години, во оригинал или заверен на нотар;

8. Доказ за независност и непристрасност во однос на субјектите кои се непосредно или посредно поврзани со производите на кои се врши постапката;

9. Доказ за обезбедување на доверливост во работата и одговороност за извршената работа;

10. Доказ за имплементирани процедури за обезбедување квалитет во постапките за работа;

11. Доказ дека е склучен договор за осигурување од професионална одговорност, во оригинал или заверен на нотар;

12. Информација за економско-финансиска состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (доказ за позитивен бонитет), а за правното лице кое е новоосновано изјава од одговорното лице на правното лице дека во рок од шест месеци сметано од денот на издавањето на решението за овластување на правното лице за вршење работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, ќе достави доказ за позитивен бонитет;

13. Доказ за уплатена административна такса за издавање на решение за овластување за вршење работи на идентификација и идентификација на техничката состојба на возилата;

14. Доказ за уплатена административна такса за барање и

15. Доказ за платени трошоци за спроведување на постапката за издавање на овластување за вршење работи на идентификација и идентификација на техничката состојба на возилата.

Член 4

(1) Висината на трошоците за спроведување на постапката за добивање на овластување, преку извршен непосреден увид кај правното лице, кое е барател на овластување за вршење работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, согласно ангажираниот персонал и времетраењето на постапката изнесува по 1.000,00 денари од ангажирано лице на ден, но не повеќе од 4.000,00 денари од ангажирано лице што ќе се утврди од записникот од извршениот увид.

(2) Трошоците за спроведување на постапката за добивање на овластување за вршење работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се уплаќаат најдоцна седум дена по спроведен непосреден увид во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на решение за овластување на правното лице за вршење на работите за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/13 и 106/14).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 49-8832/4
26 август 2026 година
Скопје

Министер за енергетика,
рударство и минерални, суровини
**Сања Божиновска,** с.р.

**Прилог**

**До: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**

| **БАРАЊЕ**<br>**за добивање на овластување за вршење работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата** | |
|---|---|
| **Назив на правното лице подносител на барањето** | |
| **Седиште на правното лице** | |
| **Адреса на правното лице** | |
| **Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС)** | |
| **Единствен даночен број на субјектот (ЕДБС)** | |
| **Лице за контакт** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **Електронска адреса** | |
| **Постапка за која се поднесува барањето**<br>**се наведуваат поедини групи на категории на возила и/или мобилни машини за кои се однесува барањето* | |

| **Придружна документација кон барањето** |
|---|
| ○ Решение за овластување за вршење на технички преглед на возила издадено од Министерството за внатрешни работи, во оригинал или заверено на нотар |
| ○ Потврда за тековна состојба на субјектот од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија |
| ○ Доказ за вработен стручен кадар со работен однос на неопределено време со полно работно време согласно Законот за работните односи издаден од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица, согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице *(Образец М1/М2 и Преглед па пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за лице од Агенцијата за вработување на РСМ)* |
| ○ Доказ за стручна подготовка на вработениот кадар, согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице, во оригинал или заверен на нотар |
| ○ Потврда за положен испит за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за вработениот стручен кадар, во оригинал или заверена на нотар |
| ○ Доказ за сопственост на деловен простор или договор за закуп на деловен простор, согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице со важност од најмалку пет години, во оригинал или заверен на нотар |

| | |
|---|---|
| ○ | Доказ за техничка опременост или договор за користење на техничка опрема согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице со важност од најмалку пет години, во оригинал или заверен на нотар |
| ○ | Доказ за независност и непристрасност во однос на субјектите кои се непосредно или посредно поврзани со производите на кои се врши постапката |
| ○ | Доказ за обезбедување на доверливост во работата и одговороност за извршената работа |
| ○ | Доказ за имплементирани процедури за обезбедување квалитет во постапките за работа |
| ○ | Доказ дека е склучен договор за осигурување од професионална одговорност, во оригинал или заверен на нотар |
| ○ | Информација за економско-финансиска состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (доказ за позитивен бонитет) *(за правното лице кое е новоосновано изјава на одговорното лице на правното лице, дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за овластување, ќе достави доказ за позитивен бонитет)* |
| ○ | Доказ за уплатена административна такса за издавање на решение за овластување во износ од 2.000,00 денари (член Тарифен број 156 од Законот за административни такси) |
| ○ | Доказ за уплатена административна такса за барање во износ од 50,00 денари (член 37, Тарифен број 1 од Законот за административни такси) |

Скопје, м.п.[1] Подносител на барањето

__.__.____ година ___________________________

[1] За трговските друштва употребата на официјален печат не е задолжителна согласно Законот за трговските друштва